Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата:
**НВО Канабис Институт Пелагонија, Прилеп**

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):
**ЕМБС 7398808**

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина):
**Ул. Леце Котески бр. 50, Прилеп**

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник: **Филип Секулоски, претседател на НВО КИП Прилеп**

Proqesverbali:

Веб страница: www.kip.org.mk

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail): f.sekuloski@gmail.com

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт: **078/246-732**

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт: **Филип Секулоски**

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:**

**Изработка на национална стратегија и посебен закон (lex specialis) за легализација и декриминализација на канабисот во Република Северна Македонија**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија):
**Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.**

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија): 1. одржување на солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси; 2. воведување на буџетско финансирање во пилот институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ – клучни перформансни индикатори); 3. промоција на здравјето и зајакнати превентивни активности; 4. поддршка на економијата преку зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите; 5. поддршка на активни политики за вработување, отворање на нови работни места, активација на пазарот на труд на потешко вработливите категории на граѓани; 6. промовирање на зелена транзиција преку градење на капацитети, вештини и зголемување на свеста и 7. развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

1. **(П28) Здравствена заштита и заштита на потрошувачите; 2. (П27) Заштита на животна средина; 3. (П23) Правда и фундаментални човекови права.**

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа): Согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022–2024 година, од 11/01/2022 (страна 25 и 26), во истата се предлага поинтензивно креирање на политики кои ќе ја подобрат состојбата со производството на медицинскиот канабис во РСМ, но исто така ќе се изработат и дополнителни законски и подзаконски решенија кои ќе обезбедат целосно искористување на потенцијалите на канабисот, од здравствен, економски и социјален аспект.
Главна цел на оваа иницијатива е дефинирање на проект и формирање на национален проект за промоција на либерални политики за канабис во РСМ која ќе занимава со следниве активности: 1. Изработка на национална стратегија за канабис и коноп, 2. Изработка на посебнно законско решение (lex specialis) за канабис и коноп, 3. Основање на национална агенција за канабис и коноп, 4. Припрема и реализација на национална кампања за промоција на здравствените, економските и

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

социјалните придобивки од интеграцијата на канабисот во македонското општество и 5. Припрема на соодветни образовни курикулуми на образовните институции во секторите: земјоделие, фармација и медицина (целосниот предлог е ставен како прилог на овој образец).
Надлежен орган во државната управа е Министерството за здравство на РСМ, но поради поливалентноста на секторот канабис и коноп, во процестот треба да бидат вклучени и Кабинетот на заменик премиерот на Владата на РСМ, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за правда.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата). Преку оваа иницијатива се очекува Владата на РСМ, заедно со предлагачите на иницијативата, да изработат проектна документација, со соодветни буџетски импликации. Како производ на оваа иницијатива, ќе се формира проектна единица која треба да изработи, национална стратегија, посебно законско решение, истите да се усвојат и од Владата и од Парламентот на РСМ, а потоа да се пристапи кон основање на соодветна Агенција, изработка на кампања и дефинирање на соодветни образовни курикулуми.

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?) За реализација на оваа иницијатива ќе бидат потребни соодветни финансиски средства. Според предлог буџетот на проектот за промоција на либерални политики за канабис во РСМ, потребни ќе бидат 14.000.000 мкд, за финансирање на проектната единица и за сите производи и исходи (outcomes & outputs) кои се планирани за реализација преку овој проект.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim- iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):
1. Предлог активности за имплементација на либералниполитики за канабис во РС Македонија, во 2023 година
2. Про-аргументи за легализирање на канабисот за рекреативна употреба во Република Северна Македонија

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот




Nënshkrimi i përfaqësuesit

14/09/2023 година --------------------------

М.П.

------ 2023 -----------------------------

V.V